ЗАШТИТА НА ЕКСПОНАТИТЕ ВО МУЗЕИТЕ И ГАЛЕРИИТЕ

# Наместо безбедносни системи, уметничките дела ги чува чуварска служба

**Во Музејот на современата уметност има збирка од 4.631 дело, од 1.750 автори, од 60 земји што имаат само физичка заштита**

ВЕСНА ИВАНОВСКА



**Уметничкото богатство во институциите најчесто е заштитено од чуварот**

Безбедносните системи во повеќето музеи и галерии кај нас или се дотраени или воопшто ги нема. Голем дел уметнички дела во институциите имаат само физичка заштита на експонатите. Според Емил Алексиев, директор на Музејот на современата уметност, таму функционира само чуварската служба бидејќи не поседуваат електронска заштита. Во Музејот на Македонија велат дека имаат „каква-таква заштита“, додека пак во Уметничката галерија Скопје постојат модерни безбедносни уреди.

- Во МСУ не постои софистицирана електронска техника за заштита. Засега функционира само физичката, односно чуварска служба. Музејот е изграден во 1964 година, а отворен е шест години подоцна. Досега воопшто не постоеле аларми уреди. Во моментот не може да се поставaт, зашто нема услови. Треба да се поправи покривната конструкција и целата инфраструктура на зградата. Само за покривот се потребни 18 милиони денари, а тоа е голема инвестиција. состојбата е ургентна и проблемите мора брзо да се решат - смета Емил Алексиев, директор на Музејот на современата уметност.

Според Алексиев, во тек е обработка на елаборат за електронска заштита.

- Откако ќе се санира и ќе се уреди зградата, ќе се постават уреди за противпожарна заштита и други безбедносни уреди. МСУ поседува збирка од 4.631 дело, од 1.750 автори, од 60 земји. Поголем дел од нив се во депоата. Тоа богатство итно мора да се заштити - рече Алексиев.

Музејот на Македонија беше провален пред пет години.

- Во Музејот деноноќно работи чуварска служба. Се трудиме и пасивната и активната заштитата да ги задржиме на одредено ниво - рече Драгиша Здравковски, заменик-директорот на Музејот на Македонија.

Во Уметничката галерија „Скопје“ неполна година постои модерен безбедносен систем. Во галеријата е изложена Националната поставка, која е можеби најдобро заштитена од сите други во земјава.

- Порано, пред да се реконструира просторот, не посто[...] систем. Во мај минатата година, во Галеријата беше изложена Националната поставка. Оттогаш се поставени камери во сите сали. Постои алармен систем против пожар, провали, поставени се решетки. Сега е зајакната чуварската служба - работат двајца ноќни чувари. Во портирницата постои монитор-систем, преку кој се следи сè што се случува од сите страни на Галеријата - рече Викторија Васева Димеска, директорка на Уметничката галерија.

Според Димеска, досега имало еден обид да се провали во Галеријата, но во периодот кога се вршела реконструкција на објектот. „Тогаш сè беше руинирано и немаше што да се украде, [...] немаше експонати. Откако е поставен безбедносниот систем, немало никаков обид за кражба“, рече Димеска.

Во музејот во Охрид, во сите седум згради во кои има вредни музејски експонати, постои физичка и друга заштита.

- Во куќата на Робевци, безбедносните системи се поставени пред десет години. Опремата е двапати обновена. Кај највредните експонати, имаше пропусти, но со обновата, сите ги санираме. Постои чуварска служба, камери и алармен систем против пожар и провала. Најсовршена безбедносна опрема има во Галеријата на икони, во комплексот „Свети Климент“ - рече Паско Кузман директор на Музејот во Охрид.